# ЕХО НА АБДОМЕН

*Назив на ЈЗУ : ЈЗУ Општа Болница Охрид*
*Клинички центар, Љубљана, 26.10.2015-21.11.2015*
*д-р Гордана Пешликовска, специјалист инфектолог*

*Датум на презентација: 25.11.2015*

# ОСНОВИ НА АБДОМИНАЛНА УЛТРАСОНОГРАФИЈА



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Во периодот од 27.10.2015 до 20.11.2015 во склоп на програмата од Министерство за здравство за стручно доусовршување на лекарите специјалисти, ми беше овозможена едукација: обука во областа на Ехо на абдомен на Клиника за Гастроентерологија при Клинички центар Љубљана.***



# Едукација за базична абдоминална ултрасонографија

- -Вовед во дијагностички ултразвук
- -Топографска анатомија на абдомен
- -Ултразвук на хепар
- -Ултразвук на жолчно кесе и билијарни патишта
- -Ултразвук на панкреас
- -Ултразвук на гастроинтестинален тракт
- -Портална хипертензија
- -Интервентен ултразвук

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Ехо кабинетот работеше секојдневно од 08-15 часот и во тој период беа обавувани по 15-20 ултразвучни прегледи на абдомен, како амбулантски закажани така и пациенти со хоспитален престој на Клиниката. Бев во можност да видам најразновидна патологија од акутни состојби кои бараа ургентна дијагностика до хронични болести закажани за контролни прегледи за следење и евентуален третман.***

***- Абдоминалниот ултразвук како дијагностичка метода придонесе во дијагностиката на голем број заболувања: панкреатит, холецистит, холелитијаза, цистична болест на хепар и бубрези, примарни и метастатски тумори на абдоминалните органи, и многу други заболувања.***




***-Во ехо кабинетот беа обавувани и дијагностички и тераписки пункции под ехо, како и биопсии на хепар и фокални промени на хепар и панкреас.***

***-До ехо кабинетот се наоѓаше и кабинетот за ендоскопски ултразвук, така да бев во можност да бидам запознаена и со таа процедура и нејзината примена во дијагностиката на одредени патолошки состојби.***



***Бројноста на обавените ехо прегледи на абдомен и разновидноста на патологијата која бев во можност да ја видам во тек на периодот во кој бев активно вклучена во работата на ехо кабинетот на Клиника за Гастроентерологија во голема мера придонесоа за ефективноста на мојата едукација во областа на ехо дијагностиката на абдомен.***

# *Заклучоци/Научени лекции*

***-Ова е моја втора едукација во областа на Ехо на абдомен.***

***-Голема благодарност до Министерството за здравство кое ми ја овозможи и оваа едукација.***

***-Се надевам дека искуството стекнато во тек на четири неделната работа на Клиниката за Гастроентерологија, при Клинички центар, Љубљана, ќе можам да го применам во мојата секојдневна пракса и ќе придонесе за поголем професионализам во секојдневното работење.***